**ИЗВЕШТАЈ**

**За работата на НУ Музејот на македонската борба – Скопје за 2015 год.**

НУ Музејот на македонската борба – Скопје, во повеќето сегменти од својата работа ги оствари плановите и даде свој полн придонес во музеолошката дејност, а со тоа и во другите сегменти на општественото живеење како што се културата, науката, туризмот и сл. Круна на ова работење е уште една престижна меѓународна музеолошка награда.

Во музејската презентација, нашата установа со својата постојана поставка имаше можност да ја претстави современата македонска историја, особено онаа поврзана со 19 и 20 век, пред 2.542 групи со над 25.000 посетители од Р. Македонија и странство. Од вкупниот број, околу 25% беа странски посетители. Најголемиот број на посетители припаѓа на учениците и студентите до 27 годишна возраст, околу 10.000. Во вкупната бројка спаѓаат и посетителите кои имаат право на бесплатен влез и тоа пензионери и студенти, хуманитарни здруженија, инвалидизирани лица со нивните придружби, специјалните училишта итн. Потоа бесплатно Музејот го посетија и лица од Здружението на слепи и слеповиди лица на град Скопје со нивни гости од Лесковац, Р. Србија, од Црвениот крст на Р. Македонија со нивни гости од Балканот и Европа, деца со оштетен слух од специјалното училиште Партение Зографски со нивни гости од Словенија, од Здружението на слепи лица – Битола, деца од здружението Мир – Скопје, деца од Детско село од Скопје, деца од Пионерскиот дом Карпош од Скопје со нивните гости од детскиот меѓународен фестивал, од неколку земји од Европа, дечиња од повеќе градинки и т.н. Од вкупната бројка на деца, како организирани училишни групи, Музејот го посетија вкупно 62 училишта.

Од 2015 година, нашата установа воведе проактивна понуда со која се вршат посети на колегите од Музејот задолжени за маркетинг на установите од образованието, стопанството и туристичките агенции. Беше остварена директна средба со наставници, професори и директори на 20 училишта во град Скопје, а со училишта од внатрешноста беа остварени телефонски разговори за закажување на термин и посета на Музејот на македонската борба. Понуда во пишана форма им беше доставена и на 5 факултети при УКИМ при што најголем број на студенти кои што го посетија Музејот беа од Правниот факултет. Исто така беа остварени средби со туристички агенции, од кои може да се издвои склучената соработка со ТУ Путник Алтатурист, која реализираше повеќе групни посети на Музејот. Со неа најавен е нов договор и за 2016 год. Исто така продолжуваме со соработка и со најуспешните агенции за остварена соработка, а тоа се Ана турс и Фибула Травел.

Од поважните делегации кои го посетија Музејот ги издвојуваме: Амбасадорката на Египет во Софија; Делегација од Швајцарија – гости на Владата на РМ; Претседател на Интернационалната полициска агенција, Пјер Мартин Мулин; Австрискиот амбасадор во Р. М,; Генерал мајор Андреј Остерман, ГШ Словенија; делегација од Министерството за култура на Р. Ц.

Гора; Последниот роден син на војводата Славчо Абазов со семејството; Началник на ГШ на Норвешка; Претседател на Парламентот на Австралија; Актерот Бруно Ганц; Воена делегација на ГШ на армија та на Р. Хрватска ос началникот Драго Ловриќ; Делегација од Министерството за одбрана на Р. Словенија, Холандија и САД; Делегација од Министерството за транспорт на Швајцарија; Делегација ос Сојузниот уставен суд на Германија и др.

Од реализираните проекти за 2015 година ги издвојуваме:

- Музејот пријател на децата – традиционална манифестација на детски трудови од ликовната, драмската, литературната и историската секција на училиштата во РМ;
- Музејот – пријател на децата – Едукативни и креативни работилници – Каталог за потребите на овој проект со наградените трудови.
- Слики со историска тематика во Музејот на македонската борба – книга – каталог за сите уметнички дела на оваа тема.
- Претставување на ,,Музејот на македонската борба во Загреб и организирање на изложба Македонските народни носии на разгледници од 1890 – 1950 год. – македонскиот фолклор и идентитетот – со објавен каталог. Изложбата беше поставена и во Сплит.
- Светите браќа Кирил и Методиј – сесловенски просветители – филателистичка изложба од збирката на Бранислав Светозаревиќ, со издаден каталог.
- Museum of the Macedonian Struggle for the Statehood and Independence – Museum of the Internal Macedonian Revolutionary Organisation and Museum of the Victims of the Communist regim пропаганден леток за странски туристи.

Како заеднички проекти со други установи и поединци ги издвојуваме: изложбите Османлиските културни белези во Македонија, Обединети сме посилни, Цвеќе на мирот, Македонски везови и носии, Глаголица, Ретроспектива на арт терапијата на Душевна болница – Скопје и др. Вкупниот број на културни или научни настани што биле помогнати од музејот е 33.

Во рамките на заедничките проекти со други институции ги издвојуваме работата на новата поставка со живи сцени, во соработака со студентите при Факултетот за драмски уметности и учениците на Средното училиште ,,Илија Николовски Луј'' од Скопје и тоа фолклорната секција, кои изведуваат сценско музички точки во главната поставка на Музејот и тоа секој петок во текот на целата учебна година. Овие живи сцени предизвикуваат воодушевување и и емоции кај посетитеите. Ваквите новитети во презентирањето беа препознати од жирито на Форумот на словенски култури, чии членки се 14 држави од Европа и во мај 2015 година во Санкт Петерсбург ја додели Специјалната награда „Жива“ за необична презентација.

Најкрупен финансиски зафат беше преадаптацијата на конференциската сала. Проектот заврши во предвидениот рок, освен уште неколку апликации од традиционалното македонско копаничарство на столбовите, над вратите кон помошните простории и говорницата, кои заради рачната изработка ќе бидат готови до 31. 05. 2016 год. Ваквата преадаптација и

овозможи на салата поголема функционалност и ја збогати понудата за комерцијални настани со што очекуваме зголемен бенефит од истата. Салата, не само што е наменета за сите видови конференции, туку во неа можат да се организираат и сите видови на културни настани, свечени вечери и т.н. Уште на самиот почеток, салата беше изнајмена за 4 настани од амбасадите на странските држави во Скопје, а со матичната служба – Скопје склучен е договор за годишно користење на истата во вредност од 7.000 евра во денарска противредност плус ДДВ. Оваа служба ќе ги користи термините кои се слободни и нема да ги загрози другите комерцијални и некомерцијални настани. Со новото решение за салата решено е прашањето за библиотеката, односно добивме дополнителен сместувачки простор за уште 4.000 книги.

Во Одделението за стручна и научна дејност, во делот на музејската евиденција, покрај основните секојдневни активности се водат и евиденционите книги: влезната книга, инвентарната книга, депојна книга, книга за изложби, книга за издавачка дејност, книга на хемеротека, книга на едукативни, промотивни и други манифестации, каталог за весници, списанија и книги од поставка и депо. Вкупниот број на музејски материјали во поставката и депото изнесува 2647.

Во просториите кои се наменети за настани: Порта Македонија, фоајето, конференциската сала и терасата се одржуваат бројни настани од различен вид, дел се од комерциијален а дел од некомерцијален тип. Во 2015 година, конференциската сала беше вон функција повеќе од 6 месеци, заради нејзината преадаптација. Во периодот кога беше во функција 47 настани, од кои 18 комеријални. Во ,,Порта Македонија'', во изминатата година се одржаа 101 настан, од кои 39 комерцијални и 62 некомерцијални настани. Во комерцијалните настани влегуваат најмногу настани организирани од фирми, а во некомерцијалните преовладуваат настаните организирани од Министерството за култура. Терасата – видиковец на овој објект беше отворена за посетители во период кога временските услови се поволни. За посета на видиковецот се користат билетите за музејот на Македонската борба во пакет, но има и 319 посети специјално на видиковецот за кој се продадени посебни билети. Во текот на месец јуни и јули 2015 година, беше организирана голема изложба на колекцијата екслузивни уметнички сликаи од македонски звтори на Пивара Скопје. Во тој период билетот за изложбата изнесуваше 100 денари.

Вкупниот приход од билетите, издавањето на просторот, сувенирите и друго изнесува 3.079.810,00, што претставува намалување во однос на 2014 година, заради две причини: 1: конференциската сала не се издаваше под наем 6 месеци, заради реконструкцијата и 2. користење на бесплатен влез на повеќе категории граѓани, согласно мерките на Владата за бесплатен влез во музеите во одредени денови во неделата. Деталниот финансиски извештај е во прилог на овој документ.

Подготвил,

Д-р Бранислав Светозаревиќ

**Детален Финанскиски извештај :**

**Побарувања/Приходи**

Музејот на македонската борба – Скопје и Подружница Порта Македонија во периодот од 01.01.2015 до 31.12.2015 година ги има следниве побарувања ( **приходи** ) :

1. Дневен промет за период од 12 месеци ( продажба на билети, сувенири, монографии, книги) во Музејот изнесува **1.848.560,00 денари**, додека пак во Подружница Порта Македонија изнесува **15.780,00 денари,** т.е вкупниот износ од малопродажба од двата објекти изнесува **1.864.340,00 денари**.
2. Приходите од изнајмување на простор на Музејот на македонската борба според издадени фактури изнесуваат **404.820,00 денари**, додека пак во Подружница Порта изнесуваат **529.820,00 денари.**
3. Приходите од издадени билети на фактура во Музејот изнесуваат **269.530,00 денари,** приходите од продадени сувенири на фактура изнесуваат **5.360,00 денари,** од продадени монографии на фактура **2.400,00 денари** и од изнајмување на паноа на фактура приходот изнесува **3.540,00 денари.**

Вкупните приходи за 2015 година на Музејот на македонската борба изнесуваат **2.534.210,00 денари**, а во Подружница Порта Македонија **545.600,00 денари** што значи севкупните приходи изнесуваат **3.079.810,00 денари.**

**Обврски/Расходи**

Музејот согласно предвидените средства од годишната програма за работа заклучно 31.12.2015 година располага со следниве обврски (расходи) според примени ф-ри :

**Буџетска сметка**

1. Електрична енергија – вкупно **6.206.027,00 денари,** од кои **5.549.445.00денари** изнесуваат расходите за Музеј, а пак **656.582,00 денари** за Подружница Порта.
2. Комунални услуги ( вода и ѓубретарина ) – вкупно расходи **462.171,00 денари** и телекомуникациски услуги исплатени од буџетска сметка – вкупните расходи изнесуваат **191.076,00 денари.**
3. Чуварска служба - обезбедување на објектите Музеј и Порта – вкупните расходи изнесуваат **3.263.223,00 денари.**
4. Материјални трошоци – платени фактури со износ од **173.729,00 денари**, **210.800,00 денари** потрошени за репрезентација, поштарини, провизии, патарини, ситен инвентар и други материјални трошоци за потребите на музејот. Останатите средства од материјалните трошоци се присилно одземени од страна на извршителот Горан Станковиќ по основ на присилно извршување за кое што музејот немал претходни сознанија. Вкупниот износ на материјалните трошоци изнесуваат **500.000,00 денари.**

5. Проекти – вкупните расходи изнесуваат **270.000,00 денари** кои исто така се присилно одземени од страна на извршител.

**Сопствена сметка**

1. Хигиенски средства, печатење, канцелариски материјали и ситен инвентар – вкупните расходи изнесуваат **603.411,00 денари.**
2. Поправка, потрошни материјали и тековно одржување на опрема (аудио и видео опрема, лифтови, чилер, агрегат, електрика, чистење фасада, видео надзор, ПП апарати, брод, автомобил ) – вкупно **1.039.689,00 денари.**
3. Патни трошоци и гориво – **282.627,00 денари.**
4. Други трошоци ( обуки, поштарина, управен одбор, објава на тендери, претплати, преводи, униформи, репрезентација и сувенири ) – **370.567,00денари.**
5. Авторски договори и договори за дело – вкупните расходи изнесуваат **1.216.961,00 денари.**
6. Телекомуникациски услуги – вкупно расходи **202.280,00 денари.**

Вкупните расходи кои се плаќаат од сопствена сметка за 2015 година изнесуваат **3.715.535,00 денари.**